УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ

Тилсептин плус/Tilseptin® plus
2 mg/0,6 mg/1,2 mg пастила
lidocaine/amylmetacresol/2,4-dichlorobenzylalcohol

Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.

- Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како што е опишано во ова упатство или како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевт.
- Чувајте го упатството, можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.
- Ако забележите некое несакано дејство, известете го Вашиот доктор или фармацевт. Тоа се однесува и на несаканите дејства што не се наведени во ова упатство (видете го делот 4).
- Ако се чувствувате полошо или ако не се чувствувате подобро по 3 дена, задолжително обратете се кај доктор.

Упатството содржи:

1. Што претставува Тилсептин плус и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Тилсептин плус
3. Како да се употребува Тилсептин плус
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Тилсептин плус
6. Содржина на пакувањето и други информации

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ТИЛСЕПТИН ПЛУС И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Пастилите Тилсептин плус ги содржат активните состојки амилметакрезол, 2,4-дихлоробензил алкохол и лидокаин хидрохлорид. Амилметакрезол и 2,4-дихлоробензил алкохол имаат антисептични својства и ги убиваат бактериите што предизвикуваат инфекции во усната празнина и во грлото. Лидокаинот претставува локален анестетик кој брзо ја намалува болката при состојби на болно грло.

Пастилите Тилсептин плус се употребуваат за ублажување на симптомите при инфекции на усната празнина и на грлото, вклучително и тешки облици на болно грло кај возрасни и кај деца над 12 години.

2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ТИЛСЕПТИН ПЛУС

Немојте да употребувате Тилсептин плус ако:

- сте алергични (преосетливи) на која било од состојките на лекот наведени во делот 6;
- имате помалку од 12 години;
- сте бремена или доите, освен ако не сте под надзор на Вашиот доктор;
- Ви се појавила алергија на локални анестетици;
- имате нарушување на крвта наречено метхемоглобинемија (абнормално ниво на хемоглобин во крвта).

Предупредувања и мерки на претпазливост
Разговарајте со Вашиот доктор или со фармацевт пред да земете Тилсептин плус:
- ако сте бремена или доите;
- ако Вашиот доктор Ве известил дека не поднесувате некои шеќери;
- ако имате астма (консултирајте се со Вашиот доктор пред употреба);
- консултирајте се со Вашиот доктор доколку симптомите не се подобрат после 3 дена, или доколку се придружени со висока температура или главоболка, или доколку се случи нешто невообичаено.

Употреба на други лекови и Тилсептин плус
Известете го Вашиот доктор или фармацевт ако употребувате, неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате кој било друг лек, вклучително и лекови што се земаат без рецепт.

Бременост, доење и плодност
Ако сте бремена, ако мислите дека сте бремена, ако планирате да забремените или ако доите, прашајте го Вашиот доктор или фармацевт за совет пред да земете каков било лек. Лекот Тилсептин плус не се препорачува за употреба за време на бременост или доење, освен под медицински надзор.

Пастилите Тилсептин плус содржат малтитол (Е 965).
Ако Вашиот доктор Ве известил дека не поднесувате некои шеќери, советувајте се со него пред да го земете овој лек.

Пастилите Тилсептин плус содржат изомалт (Е 953).
Може да имаат лесно лаксативно дејство.
Калориска вредност: 2,3 kcal/g изомалт.

Пастилите Тилсептин плус содржат боја Е 110 и боја Е 124.
Овие бои може да предизвикаат алергиски реакции.

Пастилите Тилсептин плус содржат натриум.
Овој лек содржи помалку од 1 mmol натриум (23 mg) во една пастила, така што може да се каже дека е без натриум.

3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ТИЛСЕПТИН ПЛУС

Секогаш употребувајте го лекот точно онака како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевт. Ако не сте сигурни како треба да го употребувате лекот, советувајте се со Вашиот доктор или со фармацевт.

Пастилите Тилсептин плус се наменети само за краткотрајна употреба. Треба да ги земате во најмалата ефикасна доза и во најкраткиот временски период потребни за ублажување на симптомите.

Препорачана доза:
Возрасни и адолесценти постари од 12 години: 1 пастила на секои 2 часа, по потреба, максимум до 8 пастили во текот на 24 часа.

Деца
Не се препорачува употреба кај деца под 12 годишна возраст.

Пастилите не содржат шеќер.

Начин на употреба
За оромукозална употреба.
Пастилата растопете ја полека во устата.
Пастилата не треба да ја голтате, џвакате или да ја гризете.

Ако сте зеле повеќе Тилсептин плус отколку што треба
Консултирајте се со Вашиот доктор или со фармацевт ако сте зеле повеќе Тилсептин плус отколку што треба.

Ако сте заборавиле да земете Тилсептин плус
Доколку е потребно, земете ја следната доза веднаш штом ќе се сетите. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената. Пастилите се употребуваат само доколку е потребно. Доколку имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, посоветувајте се со Вашиот фармацевт.

4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

Како и сите лекови, и Тилсептин плус може да предизвика несакани дејства иако тие не се појавуваат кај сите пациенти.

Известете го Вашиот доктор доколку Ви се појават кои било од следните несакани дејства, доколку тие станат сериозни или доколку забележите кои било други несакани дејства што не се наведени подолу:

- Знаци на алергиска реакција, како исип или оток под кожата.
- Гадење.
- Непријатно чувство во устата.

Фреквенцијата не е позната (не може да се процени од достапните податоци).

Пријавување несакани дејства
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот доктор или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство што не е наведено во ова упатство. Несаканите дејства од лековите можете да ги пријавите и во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1) или по електронски пат преку веб-страницата на Агенцијата - http://malmed.gov.mk/.

5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ТИЛСЕПТИН ПЛУС
Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!
Лекот не бара посебни услови за чување.

Не употребувајте го лекот по датумот на истекот на рокот на употреба којшто е наведен на кутијата. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на

последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се фрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте фармацевт како да ги отстраните лековите што не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

6. СОДРЖИНА НА ПАКУВАЊЕТО И ДРУГИ ИНФОРМАЦИИ

Што содржи лекот Тилсептин плус
Активни супстанции: лидокаин; амилметакрезол и 2,4-дихлоробензил алкохол.
Една пастила содржи: 2 mg лидокаин хидрохлорид, 0,6 mg амилметакрезол и 1,2 mg 2,4-дихлоробензил алкохол.
Помошни супстанции: левоментол; натриум сахарин; изомалт (E 953); малтитол (E 965); лимонска киселина, монохидрат; арома на портокал и бои (E 110) и (E 124).

Опис и содржина на пакувањето
Тркалезни пастили со портокалова боја и со вкус на портокал.
Пастилите се спакувани во блистер (PVC/PVDC/Al). Секој блистер содржи 8 пастили.
Кутијата содржи 16 пастили (2 блистера) и упатство за корисникот.

Начин на издавање на лекот
Лекот може да се издава во аптека без рецепт (БР).

Датум и број на решение

Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет
АЛКАЛОИД АД Скопје
бул. Александар Македонски бр.12
1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: + 389 2 31 04 000
факс: + 389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

Датум на последната ревизија на упатството
Март 2023 год.